РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
УП1 Бр. 14-389
19.02.2018 година
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" во Скопје
ФАКУЛТЕТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ НАУКИ И ХРАНА
Бр. 02-207/1
28.02.2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерството за образование и наука донесе

# РЕШЕНИЕ

**за почеток со работа на студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии по Поледелство, Анимална биотехнологија, Преработка на земјоделски производи, Заштита на растенија – Фитомедицина, Екоземјоделство, Квалитет и безбедност на храна, Агроекономика, Хортикултура и Овоштарство, лозарство и винарство, модул овоштарство, модул лозарство и винарство и студиските програми од трет циклус на тригодишни студии по Растителна биотехнологија, Анимална биотехнологија, Агроекономика, Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина во земјоделството, Квалитет и безбедност на земјоделски производи и Заштита на растенија – Фитомедицина на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје**

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии по Поледелство, Анимална биотехнологија, Преработка на земјоделски производи, Заштита на растенија – Фитомедицина, Екоземјоделство, Квалитет и безбедност на храна, Агроекономика, Хортикултура и Овоштарство, лозарство и винарство, модул овоштарство, модул лозарство и винарство и студиските програми од трет циклус на тригодишни студии по Растителна биотехнологија, Анимална биотехнологија, Агроекономика, Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина во земјоделството, Квалитет и безбедност на земјоделски производи и Заштита на растенија – Фитомедицина на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

## Образложение

Факултетот за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје се обрати со барање бр. 02-73/1 од 02.02.2018 година до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-386 од 05.02.2018 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии по Поледелство, Анимална биотехнологија, Преработка на земјоделски производи, Заштита на растенија – Фитомедицина, Екоземјоделство, Квалитет и безбедност на храна, Агроекономика, Хортикултура и Овоштарство, лозарство и винарство, модул овоштарство, модул лозарство и винарство и студиските програми од трет циклус на тригодишни студии по Растителна биотехнологија, Анимална биотехнологија, Агроекономика, Менаџмент на природни ресурси и заштита на животна средина во земјоделството, Квалитет и безбедност на земјоделски производи и Заштита на растенија – Фитомедицина на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје, единица во состав, по добиените Решенија за акредитација бр. 1409-315/2 од 28.12.2017 година, бр. 1409-315/3 од 25.01.2018, бр. 1409-315/4 од 25.01.2018, бр. 1409-315/5 од 28.12.2017, бр. 1409-315/6 од 29.01.2018, бр. 1409-315/7 од 29.01.2018, бр. 1409-315/8 од 25.01.2018, бр. 1409-315/9 од 29.01.2018, бр. 1409-315/10 од 28.12.2017, бр. 1409-169/8 од 28.12.2017, бр. 1409-169/9 од 28.12.2017, бр. 1409-169/10 од 28.12.2017, бр. 1409-169/11 од 28.12.2017, бр. 1409-169/12 од 28.12.2017 и бр. 1409-169/13 од 28.12.2017 од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-386 од 06.02.2018 година формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиските програми од прв и трет циклус студии наведени во точка 1 на ова решение.

Комисијата на ден 13.02.2018 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-386 од 12.02.2018 година, каде е наведено дека за студиските програми од прв циклус на четиригодишни студии по Поледелство, Анимална биотехнологија, Преработка на земјоделски производи, Заштита на растенија – Фитомедицина, Екоземјоделство, Квалитет и безбедност на храна, Агроекономика, Хортикултура и Овоштарство, лозарство и винарство, модул овоштарство, модул лозарство и винарство и студиските програми од трет циклус на тригодишни студии по Растителна биотехнологија, Анимална биотехнологија, Агроекономика, Менаџмент на природни ресурси, Квалитет и безбедност на земјоделски производи и Заштита на растенија – Фитомедицина на Факултет за земјоделски науки и храна при Универзитет „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР
Рената Дескоска

изработил: м-р Викторија Динковска
контролирал: Борчо Алексов
одобрил: д-р Агим Рушити